РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ПРЕТСЕДАТЕЛ

# ЈАВЕН ПОВИК ЗА ДОСТАВУВАЊЕ ПРИЈАВИ ЗА ИЗБОР НА „НАЈДОБАР МЛАД НАУЧНИК“ ЗА 2015 ГОДИНА

Признанието го доделува претседателот на Република Македонија, како поттик на научната и на истражувачката мисла на младите во Република Македонија.

Јавниот повик ги опфаќа сите лица кои во досегашната научна работа имаат постигнато значајни научни резултати, и кои заклучно со 2015 година навршуваат 30 години старост.

**Кандидатите кои се пријавуваат на огласот потребно е да достават доказ за исполнување на еден или на повеќе од долунаведените услови:**

- награда и или признание за научноистражувачка работа;
- објавени резултати од научноистражувачка работа;
- применетост на резултатите од научното истражување за тековната 2015 година.

**Горенаведените материјали заедно со биографија и уверение за државјанство на Република Македонија да се достават во еден печатен и еден електронски примерок (CD).**

Право на учество имаат сите граѓани на Република Македонија кои ги исполнуваат условите за конкурирање.

**Документите да се достават до Кабинетот на претседателот на Република Македонија, најдоцна до 31.12.2015 година.**

Кабинет на претседателот на Република Македонија
(Комисија за „Најдобар млад научник“)
Вила „Водно“
ул. „Ацо Караманов“ 33 А
МК-1000 Скопје